Република Северна Македонија
Основен суд Кратово
СПИ
СУ.бр. 8/23
30.10.2023 година
Кратово

[redacted]

До: Основен суд Кратово
Ул.Јосиф Даскалов бб
1360 Кратово

За: г-дин Мирослав Георгиевски, Претседател

Предмет: Барање за информации

[redacted]

Почитувани,

[redacted] како институција која помага за развојот на бизнис заедницата и ги заштитува нивните интереси, високо ја цени соработката со државните институции во земјата и е секогаш насочена кон градење на партнерски односи со истите со цел создавање подобар амбиент за водење бизнис и обезбедување забрзан економски раст и развој на државата.

Во рамките на својата работа, [redacted] врз основа на деловниот план, стратешките определби и годишниот план, спроведува многу активности и изработува различни анализи од економски и деловен интерес.

За потребите на нашите анализи, и согласно член 12 од Законот за слободен пристап до информации [redacted] Ви се обраќа на Вас како најрелевантна институција за добивање точни и веродостојни информации, со следното барање.

Согласно член 218 од Законот за Извршување е уредено дека:

(1) Врз предмети и права на Република Македонија и нејзините органи, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија не може да се спроведе извршување за наплата на парични побарувања, доколку тие се неопходни за вршење на нивната дејност, односно задачи.

(2) Кои предмети и права се неопходни за вршење на дејноста и задачите на должникот ќе определи претседателот на судот на чие подрачје се спроведува извршното дејство, ако во текот на спроведувањето на извршувањето, странките за тоа прашање не се согласат или инаку се укаже тоа како потреба.

Поради тоа, како клучни информации кои на нас ни се потребни е да ни доставите список на институции на подрачјето на Основен суд Кратово на кои Вие како Претседател имате определено лимит за извршување за наплата на парични побарувања и колку тој лимит изнесува, за секоја институција поединечно.

Се надеваме дека нашето барање ќе биде разгледано и ќе ни бидат доставени побараните информации.

[redacted]

[redacted]

За сите дополнителни информации, може да не контактирате на е-маил адреса: [redacted]

[redacted]

Со почит,

Скопје, 26.10.2023

[redacted]

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.8/23
30.10.2023 год.
Кратово

**ДО**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ВРСКА:** Ваше барање бр.0302/4-124 од 26.10.2023 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение СПИ.бр.8/23 од 30.10.2023 година по бараната информација.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.8/23
30.10.2023 година
К р а т о в о

Врз основа на чл.20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/2019) постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] бр.0302/4-124 од 26.10.2023 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово, на ден 30.10.2023 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од барателот [redacted] за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА целосно.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од барателот [redacted] со кое бара информации за институции на подрачјето на Основен суд Кратово на кои претседателот на судот има определно лимит за извршување на наплата на парични побарувања и колку тој лимит изнесува за секоја институција, имателот на информацијата Основен суд Кратово, ви ги доставува следните информации:

Претседателот на Основен суд Кратово досега нема определено лимит за извршување за наплата на парични побарувања на некоја институција на подрачјето на Основен суд Кратово.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Основен суд Кратово на 30.10.2023 година, под СПИ бр.8/23

По овластување на Претседателот на судот,
Сужбено лице за посредување
со информации од јавен карактер,
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово